# НВО САЕМ – 6. ФОРУМ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

16 – 17 ноември 2007 г., Скопски саем, Скопје

## - ИНФОРМАЦИЈА ЗА НАСТАН -

НВО Саемот - 6. Форум на граѓанското општество во Македонија ќе се одржи на 16-ти и 17-ти ноември 2007 година на Скопски саем.

Оваа година МЦМС го организира НВО Саемот како дел од програмата за работа на Граѓанската платформа на Македонија (ГПМ) за 2006/2007 година.

Целта на овој настан е зголемена информираност на јавноста и другите актери за активностите на граѓанските организации.

Очекувани резултати се:

- Информирана јавност и други актери на општеството за активностите на граѓанските организации;
- Зголемено ниво на комуникација, координација и соработка на граѓанските организации; и
- Поттикнат дијалог меѓу актерите во општеството.

НВО Саемот се состои од три компоненти:

- Изложбен дел;
- Форумски расправи;
- Социо-културни настани.

Носечка тема на 6. НВО Саем која ќе провејува низ сите негови компоненти ќе биде **„Еднакви можности за сите“.**

На НВО Саемот можат да учествуваат:

- здруженија на граѓани и фондации, како и други актери на граѓанското општество;
- странски и меѓународни организации и агенции;
- претпријатија;
- владини институции (министерства, агенции).

Со цел да се поттикне регионалната соработка и размена на искуства, на НВО Саемот ќе бидат поканети да учествуваат и одреден број организации од земјите од регионот.

Влезот на НВО Саемот за учесниците е слободен.

Шестиот НВО Саем е финансиран од Европската Унија (ЕУ) преку Европската агенција за реконструкција (ЕАР). Исто така НВО Саемот финансиски го поддржаа Данската црковна помош (ДЦА), ФИООМ и организациите-учеснички.

### 1. ИЗЛОЖБЕН ДЕЛ

НВО Саемот овозможува презентација и промоција на граѓанските организации преку изложбен простор (штандови и постери).

**Штандови**

а) <u>Основен изложбен простор</u>

Основниот изложбен простор за презентација изнесува 9 $m^2$ и се состои од: изработка на штандови од систем-октанорам; панел-табли дуплекс, покривање со тепсон, инфопулт, испишување име на учесник со блок-букви на македонски јазик, маса со 4 столици, осветлување со рефлектор, една полица за проспекти, корпа за отпадоци и довод за електрична енергија.

Секоја потреба од дополнителна опрема (пр. пристап до интернет на штандот и сл.) се наплаќа, додека комуникацијата за истото ја прават самите организации учеснички на настанот со Скопски саем.

Доколку организациите имаат поинаква замисла за изгледот на својот штанд, можат да го уредат самите, со претходна најава и комуникација со Скопски саем.

Организациите кои сакаат дополнителен натпис на штандот, покрај македонскиот јазик (кој влегува во цената на чинење со закупот на штандот) да биде испишан на друг јазик и писмо, сами ги покриваат трошоците за секој дополнителен натпис/табла. Максималниот број табли коишто може да се поставaт на штандот е три.

Цената на чинење е 5.000 денари за 1 $м^2$ или вкупно 45.000 денари за основен изложбен простор, или:

- Организациите коишто имаат годишен буџет за 2006 година помал од 500.000 денари имаат можност да користат штанд со 95% попуст, доколку заедно настапат три организации. Цената изнесува 2.250 денари.
- Организациите коишто имаат буџет за 2006 година меѓу 500.000 и 5.000.000 денари имаат можност да користат штанд со 75% попуст или 11.250 денари за основниот штанд од 9 $м^2$.
- Организациите коишто имаат годишен буџет за 2006 година над 5.000.000 денари и меѓународните организации и агенции плаќаат полн износ на чинење (5.000 денари за 1 $м^2$).

б) Дополнителен изложбен простор

Секоја организација ќе има можност да закупи поголем простор од основниот. Во тој случај, организациите без разлика на висината на буџетот плаќаат полн износ на чинење (5.000 денари за 1 $м^2$).

**Постер-презентација**

Цената на чинење на постер-презентацијата изнесува 500 денари.

## 2. ФОРУМСКИ АКТИВНОСТИ

Форумските активности ќе бидат организирани во форма на отворени јавни дебати: панели, тркалезни маси, презентации и промоции. Носечка тема на 6. НВО Саем е „Еднакви можности за сите“, а освен на неа ќе се расправа и за други општествени приоритети и приоритетни прашања на граѓанското општество.

Самоорганизација на настаните

Во рамките на форумскиот дел ќе има можност за самоорганизирање форумски расправи и едукативни сесии од страна на граѓанските организации. Самоорганизацијата за форумските расправи и едукативните сесии подразбира определување тема, обезбедување воведничари за соодветната тема и фасилитатор (како и сместување, надомест и други трошоци, доколку е потребно). Организаторите на НВО Саемот го обезбедуваат просторот, терминот и техничката опрема (озвучување, проектор и сл.).

За таа цел, се повикуваат сите заинтересирани, најдоцна до 25 октомври 2007 година, да пријават тема за форумски настан.

Формуларот за пријавување теми може да се добие по електронска пошта или да се подигне во просториите на МЦМС.

Бидејќи носечката тема ќе биде „Еднакви можности за сите“ се препорачува темите кои ќе бидат предложени за расправа и едукативните сесии да бидат во таа насока. Исто така на НВО Саемот ќе се расправаат и теми кои според последните истражувања ги засегаат граѓаните, како: сиромаштија, невработеност и корупција.

Доколку има пријавени повеќе теми од можниот капацитет за одржување, Програмскиот одбор на 6. НВО Саем ќе направи селекција на пријавените теми во согласност со приоритетите.

## 3. СОЦИОКУЛТУРНИ НАСТАНИ

За време на НВО Саемот ќе бидат организирани неколку социокултурни настани коишто ќе бидат базирани на сопствената креативност на граѓанските организации и ќе значат промоција на културното наследство и вредностите.

Исто како и форумските расправи и едукативните сесии, социокултурните настани ќе бидат на принцип на самоорганизација.

Доколку има пријавени настани коишто не се во согласност со целите на НВО Саемот или има пријавено повеќе од капацитет за одржување, Програмскиот одбор ќе направи селекција на пријавените настани.

**Можност за покривање на трошоците за сместување**

За граѓанските организации коишто имаат седиште надвор од Скопје и околните градови Куманово, Тетово, Гостивар и Велес, организаторот прави напори да покрие трошоци за сместување на едно лице од организацијата. Во апликацијата (која е во прилог на оваа информација) ве молиме наведете дали имате ваква потреба. Дополнително ќе бидете известени дали можноста ви е одобрена.

Предност ќе имаат организациите коишто ќе организираат форумска расправа, едукативна сесија или социокултурни настани и организациите коишто според висината на годишниот буџет припаѓаат на првите две категории (под 500.000 МКД и меѓу 500.000 и 5.000.000 МКД).

## ПРИЈАВУВАЊЕ

**Краен рок за пријавување за НВО Саемот – 6. Форум на граѓанското општество во Македонија е до 25 октомври 2007 година.**

Пријавите се достапни на следните веб-сајтови: www.nvosaem.org.mk и www.graganskisvet.org.mk или може да се подигнат на рецепцијата на МЦМС (ул. Никола Парапунов бб, Карпош 4).

Пријавувањето може да се направи:

- по пошта: МЦМС (за НВО Саем), ул. Никола Парапунов бб, поштенски фах 55, 1060 Скопје,
- по факс: 02/3065-298 или
- по е-пошта: nvosaem@mcms.org.mk.

За организациите кои ќе се пријават пред истекот на рокот за пријавување важат погоре дадените цени, додека оние кои ќе се пријават после истекот на рокот цената на чинење на штандот ќе биде 10% повисока.

Организаторот го задржува правото да не ги вклучи организациите коишто ќе се пријават по предвидениот рок (25 октомври 2007 г.).

| **Цена на чинење за основен штанд од 9 $м^2$ во соодветните категории и рокови** | | | |
|---|---|---|---|
| | Категорија | До 25 октомври | По 25 октомври |
| 1. | Под 500.000 МКД | 2.250 МКД | 2.475 МКД |
| 2. | Од 500.000 до 5.000.000 МКД | 11.250 МКД | 12.375 МКД |
| 3. | Над 5.000.000 МКД | 45.000 МКД | 49.500 МКД |
| 4. | Меѓународни организации и агенции | 45.000 МКД | 49.500 МКД |

Повеќе информации за МЦМС и за Граѓанската платформа на Македонија може да најдете на следните веб-сајтови: www.mcms.org.mk и www.gpm.net.mk.

Лице за контакт е Кренар Кука, тел. 02/3065-381 локал 134 (во периодот од 11 до 15 часот, секој работен ден), факс 02/3065-298 е-пошта: nvosaem@mcms.org.mk.